ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за управување со одземен имот
ул. Македонија бр.5 – 1000 Скопје

# НАЦРТ СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
( 2018 – 2020 )

СКОПЈЕ, Август 2017 год

Агенцијата за управување со одземен имот при Владата на Република Македонија и натаму со сета потребна посветеност и професионалност ќе продолжи да го координира процесот на стратешко планирање

на ниво на органи на државната управа, детерминирајќи ја својата причина за постоење и делување преку изјавената мисија, презентирајќи го идеалниот, но реално возможен и достижен резултат кон кој стремиме во континуитет.

Како современа и се поприфатена актуелна алатка за управување со севкупните ресурси на институциите во услови на глобализација и влијанијата кои таа ги предизвикува, стратешкиот план ги има белезите на основен интегрирачки развоен акт на секоја успешна институција. Стратешкиот план пред Вас е креиран со сериозен партиципативен пристап на сите вработените. Тој овозможува покрај дадениот мошне вреден придонес во неговото креирање од вработените, истите со својата висока професионална посветеност и знаења планот да го преточат во конкретни резултати согласно планираното.

Стратешкиот план како средство за управување насочено кон подобрата иднина и резултати, ни овозможи да извршиме рационална алокација на расположливите средства по наши приоритетите. Запазувајќи ја потребата од конзистентност со приоритетите на Владата, изборот на стратегиите утврдени во рамките на програмите содржани во планот, преку етаблираниот систем на следење на спроведувањето и евалуација на постигнатите резултати е сигурна и силна основа на нашата транспарентност и отчетност како наши принципи и вредности во севкупното наше работењето.

Очекувам стратешкиот план, со залагањето и посветеноста на сите вработени да овозможи натамошен развој на нашата институција и исполнетост на самата мисија а поставените цели и резултати за наредниот три годишен период да значат континуитет и надоврзување на претходно остварените резултати.

**Скопје,**

**Август, 2017 година**

**Влада на Република Македонија**

**Агенција за управување со одземен имот**

1. Агенцијата за управување со одземен имот е Владина државна институција која е самостојна во своето работење а своите права, должности и одговорности ги спроведува во согласност со Уставот и Законите на Република Македонија, одредбите од својот Статут како и другите прописи и општи акти на истиот. Агенцијата за управување со одземен имот самостојно ги уредува внатрешните односи, како и односите на меѓународен план, под услов и начин утврден со Закон.

2. Со Статутот се одредуваат целите, задачите и активностите на Агенцијата за управување со одземен имот, карактерот и седиштето, начинот на извршување, внатрешна организација на Агенцијата, надлежностите на Управниот одбор и на директорот, начинот на избор и разрешување на членовите на Управниот одбор, правата, обврските и одговорностите на вработените, меѓународна соработка на Агенцијата и други прашања од значење за работењето на Агенцијата.
Агенцијата за управување со одземен имот делува на територијата на Република Македонија и пошироко.

3. Стратегискиот план на Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Агенцијата) претставува основен документ во процесот на стратегиското планирање и ја дава стратегиската визија на Агенцијата во наредниот тригодишен период.

4. Стратегискиот план на Агенцијата обезбедува комплементарност на плановите на организациските сектори во насока на ефикасно извршување на поставените цели и делокругот на работа на Агенцијата.

5. Стратегискиот план на Агенцијата ја утврдува мисијата, визијата за иднината, организациските вредности и стратегиските цели и приоритети на Агенцијата, потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и постигнатите и очекуваните резултати.

## 2. Мисија

Агенцијата за управување со одземен имот и понатаму ќе биде ефикасен орган во борбата против криминалот и целосно ќе се посвети на пронаоѓање на имот стекнат од кривично дело, конфискација на имотот, ефикасно управување, продажба и остварување приходи во Буџетот на Република Македонија.

## 3. Визија

Агенцијата за управување со одземен имот согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност ќе воспостави систем на одговорна и отчетна државна служба во однос на управувањето, отстапувањето, продавањето на конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

## 4. Задачи и обврски на Агенцијата

Согласно Законот, Агенцијата има надлежност да ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети,
- со согласност на судот и надлежниот орган управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон,
- ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист,
- го чува и складира одземениот имот,
- врши процена,
- води евиденција на целокупниот одземен имот,
- го продава одземениот имот,
- изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот,
- планира, организира и спроведува обука за вработените во Агенцијата и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот,
- дава мислења во врска со примената на овој закон и
- врши други работи утврдени со закон.

## 5. Специфичности на Агенцијата за управување со одземен имот

Специфичноста на Агенцијата за управување со одземен имот произлегува од конфискацијата на приходите кои потекнуваат од криминални активности. Со ваквите оперативности се придонесуваат повеќе позитивности во рамките на државата па и пошироко, а во исто време се намалуваат криминалните и коруптивните активности со што се подобруваат стопанските текови а со тоа се подобрува и животниот стандард на населението.

## 6. Структура на Агенцијата за управување со одземен имот

Согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата, формирани се 3 сектори и тоа:

- Сектор за правни работи, сочинет од три Одделенија:
  - Одделение за извршување одлуки
  - 2 Одделение за нормативни и правни работи
- Сектор за финансиски прашања, сочинет од две Одделенија:
  - Одделение за сметководство и плаќања
  - Одделение за буџетска координација и буџетска контрола
- Сектор за оперативно работење, сочинет од три Одделенија:
  - Одделение за преземање и евиденција на одземен имот
  - Одделение за општи работи
  - Одделение за продажба и управување со одземен имот

како посебно одделение :

- Одделение за управување со човечки ресурси

## 7. Приоритетни цели на Агенцијата

Приоритетните цели се поставени врз основа на јасна поставена визија за потребата од контролирање, управување, располагање, остапување и продавање на одземениот имот.

- целосно собирање и евидентирање на целокупниот одземен имот од судовите, Царинската Управа, полицијата и другите испекциски органи и отпочнување на постапки за продажба за одземениот имот за кој што има услови да се продава согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13 , 43/14 ,97/15 и 148/15).

- предавање на целокупниот одземен имот и негово складирање во соодветни магацини регионална поставеност уште во неколку градови во државата со што ќе се придонесе за поефикасно функционирање, како и побрзо и поекономично преземање и складирање на одземената стока како и намалување на трошоците за транспорт и подобрување на координацијата со останатите надлежни институции,
- зголемување на магацинските капацитети со цел соодветно чување и заштита на вредноста на одземените предмети,

- постапка за јавна набавка за доопремување на ПП апарати за противпожарна заштита, за набавка на компјутери и друга ИТ опрема, видео назор и уред за копирање и скенирање со што во текот на 2018 година Агенцијата целесно ќе ги обезбеди и опреми магацините и плацевите со целосна заштитна опрема, како и дополнителна опрема и средства како дојавувачи за пожар, базени за вода во насока за проривпожарна заштита и поставување противпожарна водоводна инсталација,

- доопремување на магацините со обезбедување на соодветни услови за нормално функционирање и работење (тоалети, канцалариски простории,и внатрешна опрема на истите), современа техничка опрема како компјутери, виљушкари, алармен систем, оградување на магацините и плацевите како и се што е неопходно за нормално функционирање на еден магацин, како и подобрување на работните процеси во магацините,

- интензивирање на постапките за продажба на одземениот имот, согласно Акциските планови за продажба на Агенцијата за управување со одземен имот, усвоени од Владата на Република Македонија,

- понатамошни постапки за отстапување на одземениот имот за потребите на други државни органи како и институции, фондации и други правни лица согласно закон,

- зголемување на приходите по основ на наплата на правосилни судски одлуки во кои е изречена мерка конфискација на имотна корист ,

- интензивирање на досегашната соработка со Царинската Управа, судовите и други органи кои одземаат имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка како и сродни Агенции надвор од Републиката и зачленување во меѓународни организации,

-надградба на книговодствениот софтвер, надградба на веб страната, надградба на софтвер за архива и евиденција на одземениот имот,

- надградба, едуцирање и обука на постојаните човечки ресурси,

- подобрување на функционалноста и организационата поставеност на Агенцијата,

- целосно кадровско и просторно екипирање, техничко и софтверско опремување,

- предлог за изменување и подобрување на постоечката законска регулатива,

- отпочната е постапка за набавка на софтвер за евиденција, архивско работење, како и софтвер за магацинско работење и поврзување на истите меѓусебно, со цел подобрување на работните процеси и ефикасноста на Агенцијата за управување со одземен имот.

## 8. Осврт на постигнатите и очекувани резултати во 2017 година

Во текот на 2017 година Агенцијата го оправда нејзиното основање и постоење Агенцијата ја зголеми приходната страна во буџетот на државата остварени по основ на наплата по правосилни судски пресуди со што Агенцијата ја зајакна довербата на граѓаните во државата.

Помогна во зајакнување на капацитетите на институциите преку остапување на возила, остапување на разни видови на стоки – материјални добра, посебно ја истакнуваме помошта што ја даде Агенцијата преку Министерство за труд и социјална политика ( текстил, техничка стока, облека на загрозените фамилии и сл. ).

**9. Осврт за постигнувања и очекување на резултати во наредните години**

Во наредниот период се очекува Агенцијата да продолжи со непречено и ефикасно да ги остварува нејзините надлежности утврдени со закон, да ја зголеми соработката со другите институции за поефективно ги остварува поставените задачите и цели, да добие максимална функционалност според финансиските можности, кадровски да се доекипира и технички опреми.

Агенцијата ќе ги преземе сите мерки за да ја задржи вредноста на имотот преку негово поставување во соодветен магацински простор сразмерно на можностите, како и продавање и управување со замрзнатиот имот. Мерката која ќе ја примени Агенцијата зависи од тоа за каков вид на имот станува збор ( пари, акции, добра, возила, недвижности и др.)

Една од целите и заложбите на Агенцијата е да воспостави соработка со сродните институции и агенции на земјите во регионот и пошироко, со цел размена на искуства за поефикасно работење согласно законите и меѓународните стандарди.

Агенцијата и понатаму ќе ја интензивира соработката со другите органи и институции во Република Македонија за брз и ефикасен пристап за размена на информации и податоци за одземање на сопственоста на осудени лица кои оствариле имотна корист од кривично дело.

**10. Резултати**

- евиденција на одземениот имот и софтверско поврзување со магацините и плацевите на Агенцијата
-зголемување на приходите од продажба на конфискуван имот

- отстапување на одземениот имот за потребите на други државни органи како и институции, фондации и други правни лица согласно закон,

- зголемување на приходите по основ на наплата на правосилни судски одлуки во кои е изречена мерка конфискација на имотна корист,

## 11. Програма

За остварување на мисијата и визијата на Агенцијата предвидена е следната програма:

- спроведување постапки за продажба
- извршување на правосилни судски одлуки за конфискација на имот
- овозможување за работа на софтверот за поврзување на магацините и евиденција на одземениот имот
- унапредување на постојни административни службеници
- надградба, едуцирање и обука на постојаните човечки ресурси,
- вработување и пополнување на вкупно 19 работно места

## 12. Согледувања

Реализацијата на програмите од Стратешкиот план на Агенцијата за управување со одземен имот (2018-2020) ќе има влијание врз доекипирање на Агенцијата со човечки ресурси.

Унапредување на постојните административни службеници со верификација на нивното стекнато дополнително образование заради ставање во функција на нивното дополнително стекнато знаење во корист на Агенцијата.Имено за успешно остварување на програмата потребно е вработување на административни службеници и помошно технички лица, од кои:

- Во Секторот за оперативно работење:
  - во Одделение за продажба и управување со одземен имот
-4 извршители
  - во Одделението за општи работи - 2 извршители

- Во одделението за преземање и евиденција на одземен имот – поради овозможување за работа на софтверот за поврзување на магацините и евиденција на одземениот имот- 8 извршители-магационери.

- Во Секторот за правни работи поради извршување на правосилни судски одлуки за конфискација на имот- 3 извршители

- Во Секторот за финансиски прашања - поради спроведување, следење и примена на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење – 3 извршители
- Во Одделението за управување со човечки ресурси поради ефикасно, ефективно извршување на работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа во врска со човечките ресурси – 1 извршител.
- Унапредување на постојни административни службеници – 3 извршители

По однос на фискалните импликации што ќе ги предизвика реализацијата на овој Стратешки план во Буџетот на Агенцијата за управување со одземен имот, за плати на нововработените ќе биде потребно да се обезбедат финансиски сретства, но со вработување на овој кадар ќе се интензивира продажбата во Агенцијата и ќе се зголемат значително приходите во Буџетот на Република Македонија, како и ќе се обезбеди точна евиденција на одземениот имот.

**13. Заклучни согледувања**

Реализацијата на Стратешкиот план на Агенцијата за управување со одземен имот (2018-2020) ќе допринесе за подобрување на функционирањето на АУОИ, во насока на ефикасно управување на конфискуваниот имот и одземените предмети, негова продажба и остварување приходи во Буџетот на Република Македонија, што е и основна цел на АУОИ.

Што се однесува до фискалните импликации што ќе ги предизвика реализацијата на овој Стратешки план, Буџетот на Агенцијата за управување со одземен имот, да остане на исто ниво или малку да се зголеми за да може непречено да ги остварува приоритетните стратегиски цели, и ги покрива расходи за тековно функционирање и извршување на надлежностите на АУОИ.

Изработил: Славе Несторовски